„Не му е дозволено на човекот да не зборува со својот брат повеќе од три дена, се сретнуваат и еден на друг му го вртат грбот. Подобар е тој што прв ќе се поздрави со селам.“

Од Ебу Ејуб ел Енсари, радијаллаху анху, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Не му е дозволено на човекот да не зборува со својот брат повеќе од три дена, се сретнуваат и еден на друг му го вртат грбот. Подобар е тој што прв ќе се поздрави со селам.“

[متفق عليه] [صحيح]

Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му забранил на муслиманот да го избегнува својот брат муслиман повеќе од три ноќи, да се среќаваат двајцата, и да не се поздравуваат ниту да зборуваат меѓу себе. Подобар од овие двајца е оној кој се обидува да го прекине ова избегнување со поздравот - селам алејкум. Оваа меѓусебно избегнување се однесува на тоа кога човекот избегнува некого заради некои лични работи, а што се однесува до избегнувањето на некого заради Аллах, како што е: избегнувањето на новатори, грешници и лошо друштво, за вакви не е ограничено време, туку зависи од општиот интерес кој се постигнува со избегнувањето, па кога се губи користа и интересот престанува и избегнувањето.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5365